MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-2070/2
27.09.2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија"бр.12/19,), постапувајќи по предмет оформен по доставена документација поднесена од анонимен подносител без доставена пријава на 28 март 2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 22-тата седницата одржана на 17.09.2019 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Постапката на Државната комисија за спречување на корупцијата, по предметот со број 12-2070/1 од 28.03.2019 година, оформен врз основа на приложена документација од анонимен подносител (договори за закуп на деловен простор во копие) без доставена пријава со содржани наводи за сомневања за прекршувања и незаконитости за сторител/и, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради недоставена пријава и немање на конкретни наводи за сомневања и незаконитости во конкретен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2070/1 од 28.03.2019 година.

Предметот со број 12-2070/1 од 28.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-2070/1 од 28.03.2019 година е оформен во Државната комисија за спречување на корупцијата само врз основа на приложена документација (договори за закуп на деловен простор во копие ) без доставена пријава со содржани наводи за сомневања за прекршувања и незаконитости за сторител/и во конкретен случај.

По разгледување на доставените списи - документација (договори за закуп на деловен простор во копие) врз основа на кои е оформен предметот со број 12-2070/1 од 28.03.2019 година, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека предметот е оформен само врз основа на приложени документи (договори за закуп на деловен простор доставени во копие) без поднесување на пријава со наводи за сомневања на сторени прекршувања и незаконитости, што е основ за запирање на постапката на ДКСК по предметот со број 12-2070/1 од 28.03.2019 година.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 17 септември 2019 година по број 12-2070/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**